# З А П И С Н И К

## од 3-тата вонредна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 31.03.2026 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 10.00 часот. Со седницата претседаваше Претседателеката на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа сите членови на Советот на Општината и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Општина Валандово и Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 3-тата вонредна седница, Претседателката на Советот, го предложи дневниот ред со 5 точки.

Процедурално се јави Верица Зајкова Стојанова. Таа рече дека бидејќи се свикува вонредна седница веќе трет пат, а според Статутот на Општина Валандово вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои се настанати поради вонредни околности, пожар, поплави и сл. и при посета на странски делегации. Исто така според член 24, пред да започне со работа Советот, советниците гласаат за причините за свикување на седницата. Затоа рече дека ја замолува претседателката да ја образложи причината за свикување.

Претседателеката на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова рече дека на двете вонредни седници кои беа одржани беше образложена итноста за свикување на седницата. Исто така и на оваа седница тоа нема да биде изоставено.

Тања Атанасова се јави за збор. Рече дека убаво е тоа што се појасни, но пак не е јасно, каде гори? Колешката Верица Зајкова Стојанова прочита според член 23 од Статутот на Општина Валандово како и што може да се донесе на седница. Побара во иднина да се запази кога и како се свикува вонредна седница. Досега на секоја втора редовна седница , се свикува една вонредна седница. И рече дека не е коректно да се користат советниците како алатка за донесување на одлуки од инает.

Претседателеката на Советот рече дека смета дека тука никој ништо не прави од инает и оваа седница не е направена да се задоволи некој.Рече дека требаше да се почека да се образложи итноста , па потоа да се јават процедурално, ако сметаат дека нема потреба од тоа. Ги замоли советниците да ја слушаат за потребата за ставањето на точките на дневен ред и потоа да оценат дали имало потреба од свикување на вонредна седница.

Верица Зајкова Стојанова повторно се јави и рече дека таа се изјаснила според член 23 пред да се отпочне со работа на Советот, советниците гласаат за оправданоста.

Претседателеката на Советот Марија Чурлинова рече дека ќе се прочитат точките, и ќе образложи оправданоста и потоа ќе се гласа за вонредноста на седницата и дали ќе се продолжи со работа или не.

После ова Претседателката на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова го прочита дневниот ред и образложи итноста на секоја од предложените точки.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог- Одлука за измена и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово;

-Оваа точка има за цел подобрување на демографските мерки и зголемена поддршка на семејствата. Итноста произлегува од потребите да стапат измените на сила во пократок можен рок се со цел граѓаните да можат да го остварат своето право .

2. Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместок на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово;

-Итноста од оваа точка произлегува од суштинско значење и нормалното функционирање на ТППТ Валандово како и за обезбедување на соодветна материјална мотивација и стабилност на вработените. Донесувањето на овој акт не трпи одлагање поради тековните обврски и потребата од усогласување.

3. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година;

-Оваа точка е неопходна заради навремена реализација на планираните активности и проекти. Одложувањето би можело негативно да влијае врз динамиката на економскиот развој и искористување на расположливи ресурси.

4. Предлог – Одлука Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба “Центар”, во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово;

-Оваа точка е важна за уредување на просторот и овозможување на натамошниот урбан развој. Итноста произлегува од продолжување на постапката за усвојување на планот и непречено реализирање на инвестициите.

5. Предлог – Одлука Нацрт Измена и дополнување на Урбанистички план за село Јосифово, Блок 4,Општина Валандово;

-Оваа точка е значајна за подобрување на условите за живеење и развој во руралната средина.Нејзиното донесување е предуслов за понатамошни активности и постап на терен. Согласно потребата за навремено и ефикасно постапување по прашања од значење за граѓаните и функционирањето на Општина Валандово и имајќи ја во предвид важноста и итноста на наведените точки кои ќе имаат влијание врз функционирањето на Општината, таа ја стави вонредноста на гласање и со 8 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 7 ВОЗДРЖАНИ истата беше изгласана.

Надица Недиќ се јави за збор. Рече дека од сите наведени точки само една е итна, а другите можело да одат и на редовна седница.Образложението за првата точка кое беше дадено рече дека нема врска. За да се подобри демографијата можеше да се стави ина некоја

од претходните седници. И апелираше дека веќе 3 седници по ред, не се доставени записниците од претходните седници.

Претседателката на Советот даде појаснување дека ќе се среди, другите два се направени, но бидејќи недостасуваше еден записник, не се пратија и тие за да не се прескокне.

По ова дневниот ред беше ставен на гласање и со 8 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 7 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан.

ТОЧКА 1

Надица Недиќ се јави за збор. Рече дека на дневен ред се наоѓа Предлог- Одлука за измена и дополнување на Одлуката за доделување на еднократен финансиски надоместок за новородено дете со фактичко и континуирано живеалиште на подрачјето на Општина Валандово која на 5-тата редовна седница во декември беше изгласана. Рече дека тогаш Одлуката како што беше формулирана беше правно спорна и дискриминирачка кон некои наши сограѓани. Ги обвини советниците од опозицијата кои ја гласаа оваа одлука, не гласаа со своја глава туку по слепо партиски директиви и изгледаат како луѓе без сопствено мислење и без став.Истите забелешки сега се претворени во измени на оваа одлука. И рече дека не треба да се заборави дека советниците се избрани од граѓаните и треба да го бранат интересот на граѓаните.И кога градоначалникот кога ќе даде на Совет некоја одлука која е недоработена, треба да му се укаже а не на прво место да ги стави егото и партиските интереси. Рече дека секоја конструктивна критика ја сфаќаат како напад. И после седницата по социјалните мрежи беше објавено дека опозицијата не гласа за одлуки кои значат пари на граѓаните. Сега дојде се на виделина, гласањето за таа одлука беше против нашите сограѓани кои од одредени причини живеат во други општини или надвор од државата, а се со адреса во Општина Валандово и плаќаат даноци на Општина Валандово и обвини дека за нив се мисли само кога е потребен нивниот глас.Поради тоа што опозицијата не наишла на разбирање морала да се обрати до надлежните институции како Државната комисија за заштита од дискриминација и Уставен суд кои препознале дискриминација и затоа сега измени на оваа одлука се ставени на итна седница. Напомена дека кога опозицијата нешто реагира, треба да се послуша инаку ќе си имаат работа со институциите.

Марија Чурлинова зема збор. Рече дека точно е дека опозицијата укажа на седницата дека одлуката не е исправна и од страна на градоначалникот беше кажано дека ќе има дополнување и ќе се изготви правилник за да не биде никој оштетен. Во однос на итноста рече дека не менува дали денес или на наредна седница, се стави денес на седница за да нема застој во исплатата на паричните средства.

Надица Недиќ се јави повторно. Рече дека со самото тоа што се работи за одлука која сама по себе е позаконски акт, не може де се измени. Сега менувањето на одлуката е по насоки на надлежните институции, и ако не се смени ќе следува друга постапка.И во иднина треба да се сфати дека сите во Советот се на иста страна, на страната на граѓаните Оваа одлука требаше да се повлече како што се повлече и Извештајот на ЈП Комунален сервис.

Градоначалникот зема збор. Рече дека сега ќе се доуреди одлуката во делот за документи од двата родители, ќе стои од еден родител и да се поднесува лично и благовремено.Рече дека се повикуваат службите навреме да ги подготвуваат материјалите за седница. Ги праша советниците од опозицијата зошто не изготвиле Предлог-Правилникот од нивната стана туку само се собираат поени. Рече да не напаѓаат, туку да дадат решение.

Надица Недиќ се јави со реплика. Рече дека во Советот се собрани 15 луѓе од различни профили и на укажувањата од новна страна никој не реагирал. Тие кажале за одлуката да се доуреди , а не да собират поени.

Ерсан Фетиков се јави за збор. Рече дека тој дал сериозна забелешка како што тој имал забелешка за управувањето со отпад, никој не ја земал во предвид. И за оваа одлука рече дека се јавувале луѓе кои живеат во странство, и реагираат дека и тие плаќаат данок, паушали за струја , за вода, за улично осветлување, а кога ќе треба да се земе нешто од Општината таа не смета на нив. Рече дека не се работи за голема бројка, од вкупно 70-80 новороденчиња годишно што поденсуват, само мал дел се во странство.Се работи за многу малку средства.

Градоначалникот рече дека тој не се согласува за тие кои живеат во други држави, да ги користат бенефициите од двете држави,а за сметка на тоа нашите кои живеат овде наместо 5-6 000 денари треба да земаат повеќе.Овие мери се за тие кои живеат во општината. А факт е дека за 2 месеци поради иселување се отпишаа 36 деца од школска возраст. Мерките се прават да се задржат нашите граѓани тука, а за тие што сакаат да се вратат треба да се оди со други посоодветни мерки.

Ерсан Фетиков се јави со контареплика. Рече дека за 6000 денари никој од старнство нема да дојде и да поднесе барање за субвенција и беспредметно е сега тука да се дискутира за тоа.

Претседателката Марија Чурлинова зема збор. Рече дека сите советници се избрани од граѓаните и треба да работат во интерес на граѓаните.Безгрешни нема, а опозицијата треба да корегира. А кога се добиваат материјалите, предлог е да се прави координација и се прочистено да оди на Совет.

Немаше други пријавено за дискусија па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 2

По Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместок на професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Валандово немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Валандово за 2026 година образложение имаше Ѓоко Аврамски. Рече дека Програмата се дополнува со 2 точки и тоа:

-Реконструкција на сите фудбалски игралишта во Општината и поставување на осветлување на истите;

- Реконструкција на градскоит фудбалски стадион во Валандово.

За овие наведени проекти образложение имаше и Градоначалникот.

Бранко Ѓоргиев се јави за збор. Рече дека во контекст на ова треба да се спомне дека неопходно е да се стави крај на дивеењето на моторџиите во с. Удово, кои претставуваат опасност за децата и граѓаните. Рече дека потребно е да се апелира до полицијата да интервенира и да стави ред.

Градоначалникот потврди дека треба да се се стави крајна девијантните појави во Општината и да се реагира до надлежните институции да превземат мерки.

Мартин Мишков се јави за збор. Рече дека се контактирани лицата и тие се оправдувале со тоа дека нема сообраќајни знаци, иако има закон за тоа. Додаде дека има поплки од граѓаните во с. Удово дека во селото влегуваат тешки товарни возила, што не е дозволено.

Крсте Тодоров се јави за збор. Рече дека оваа Одлука е за поздравување и тие ќе ја поддржат. Доколку се пристапи кон нови терени, сугерираше да се оди со вештачка трева која е подобра за одржување.

Градоначалникот се заблагодари за сугестиите и рече дека ќе се води сметка за секој нов терен да се предвиде одрживост. За вештачка трева рече дека може да се прави за мал фудбал, додека за голем фудбал вештачката трева ќе биде забранета од 2031 година. Рече дека ќе се реконструираат сите терени, некои оваа година, некои во наредната и ќе се створат пристојни услови за сите.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлука Нацрт Детален урбанистички план за Урбана единица 3, за Блок 3.1, населба "Центар", во Град Валандово, КО Валандово, Општина Валандово образложение имаше Ѓоко Аврамски. Појаснување даде и градоначалникот Ѓоко Камчев.

Немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлука Нацрт Измена и дополнување на Урбанистички план за село Јосифово, Општина Валандово повторно образложение имаше Ѓоко Аврамски.

Немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласна со 14 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на ОпштинаВаландово
Претседател
Марија Чурлинова